КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## за организирање на 18-тата обука за работење со хартии од вредност

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија ги известува сите заинтересирани лица дека ќе ја организира 18-тата обука на кадри за работење со хартии од вредност. Обуката ќе се организира во работни денови во попладневните часови и денови на викенд, согласно распоредот на кандидатите кој ќе го добијат на првиот ден на обуката. Доколку за обуката се пријават помалку од 30 учесници, истата ќе се спроведе како менторска настава, за што пријавените учесници ќе бидат навремено известени.

По завршување на обуката, кандидатите ќе полагаат стручен испит за работење со хартии од вредност. Со успешно полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност кандидатите се стекнуваат со уверение за положен стручен испит за работење со хартии од вредност.

Пријавувањето на кандидатите се врши писмено, со доставување на пријави во архивата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија или по пошта на следната адреса:

***Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија***
***ул. Македонија бр.25 4-ти кат***
***палата Лазар Поп Трајков***
***П.фах 859***
***1000 Скопје***

За учество на обуката кандидатот треба да ги достави следните документи:

1. Пријава за следење на 18-тата обука за работа со хартии од вредност (може да се најде на веб страната на Комисијата во делот- Едукација и заштита на инвеститори www.sec.gov.mk);
2. Доказ дека има завршено најмалку четиригодишно средно образование и доказ за искуство од најмалку една година од областа на финансиите (копија со нотарска заверка);
3. Доказ дека не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело во последните пет години;
4. Доказ дека не е осудуван со правосилна судска одлука за сторено кривично дело предизвикување на стечај на правно лице;
5. Доказ за извршена уплата на надомест во висина од 10.000,00 денари за обука и 2.500,00 денари за полагање на стручниот испит на жиро-сметката на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

   240-010001582535, депонент на УНИ банка АД Скопје
   210-0444346201-73, депонент на Тутунска банка АД Скопје
   200-0000122022-04, депонент на Стопанска Банка АД Скопје
   300-0000020097-79, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје
   330-0700477004-65, депонент на Капитал Банка АД Скопје

290-1000000959-79, депонент на ТТК Банка АД Скопје
320-1000023805-75, депонент на Централна Кооперативна Банка АД Скопје
270-0444346201-80, депонент на Халк Банка АД Скопје
500-0000007383-91, депонент на Стопанска Банка АД Битола

**Цел на дознака: учество на обука за работење со хартии од вредност.**

**Пријавувањето на кандидатите е во периодот од 30.12.2019 година до 14.01.2020 година.**

За сите дополнителни информации може да се обратите на телефонските броеви на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија : 02/3244-670 и 02/3244-678, или на e-mail vasko@sec.gov.mk и ivana@sec.gov.mk.

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr. Sc. Nora Aliti**